Врз основа на член 10 став 1 и став 6 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (пречистен текст) бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 45-та седница одржана на 21.12.2022 година, во врска со Предлогот бр.03-4678/1 од 19.12.2022 година за поведување прекршочна постапка против Непрофитна радиодифузна организациона единица УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО СТУДЕНТ ФМ 92.9 – Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје за прекршување на член 51 став 1 од ЗААВМУ, го донесе следниот:

# З А К Л У ЧО К

1. Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен административен надзор бр.10-4617/1 од 15.12.2022 година на УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО СТУДЕНТ ФМ 92.9 – Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје и утврди прекршување на член 51 став 1 од ЗААВМУ.

2. Советот заклучи против УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО СТУДЕНТ ФМ 92.9 – Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје да се покрене прекршочна постапка пред надлежниот суд бидејќи со надзорот е констатирано дека на 2 декември 2022 година, не ги обезбеди информациите што треба да им се направат достапни на корисниците.

3. Се задолжува Секторот за правни работи и јавни набавки да изготви Барање за поведување прекршочна постапка пред надлежниот суд за наведениот радиодифузер.

4. Примерок од Заклучокот да се достави до:

- Раководителите на сите сектори во Агенцијата,
- Назначено лице од Агенцијата, за водење на предмети по управна постапка,
- Одделение за поддршка на работата на Советот на Агенцијата,
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи – архива на Агенцијата.

Бр. 02-4661/16

22.12 2022 година
Скопје

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**